Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**март, 2022 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ..................................................... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..................................................... 3
Број на работници во индустријата ..................................................... 4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија..................................................... 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........................... 5
Инфлација ..................................................... 6
Берзански цени ..................................................... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..................................................... 9
Увоз ..................................................... 11
Салдо на трговска размена ..................................................... 11
Валутна структура..................................................... 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..................................................... 12
Буџетски расходи според економската класификација..................................................... 14
Расходи по буџетски корисници..................................................... 15
Буџетско салдо..................................................... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување……………...17
Плати ..................................................... 18
Пензии..................................................... 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари..................................................... 19
Депозитен потенцијал ..................................................... 19
Кредити на банките..................................................... 21
Каматни стапки на депозитни банки ..................................................... 21
Пазар на капитал ..................................................... 21
Девизни резерви ..................................................... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2022 година

- Индустриското производство во март 2022 година забележа раст од 3,2% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во март регистрираа забрзан годишен раст од 8,8%, и раст од 1,6% на месечно ниво;

- Во периодот јануари - март 2022 година извозот забележа раст од 16,7%, а увозот од 29,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 68,9%, споредено со истиот период од 2021 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – март 2022 година изнесуваа 57.168 милиони денари, односно 7,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 16,9% во однос на истиот период оd 2021 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2022 година изнесуваа 63.824 милиони денари, односно 8,3% од БДП, што е за 14,3% повеќе во споредба со истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во март 2022 година се зголемија за 9,8% во споредба со март 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 3,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во март 2022 година забележа раст од 3,2% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 2,1% (придонес од 1,7 п.п.), Рударство и вадење камен од 9,7% (придонес од 1,0 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 8,7% (придонес од 0,9 п.п.).




Графикон 1.1: Индустриско производство (стапки на раст во %)

Извор: ДЗС.




Графикон 1.2: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)

Извор: ДЗС.

Раст на производството во март 2022 година бележат 18 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 58,1% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во март 2022 година е забележан кај производството на моторни возила од 5,9% со придонес од 0,5 п.п., додека кај производството на електрична опрема е забележан пад од 5,8% со придонес од -0,4 п.п., а производството на машини и уреди се намалиле за 3,7% со придонес од -0,3 п.п.. Од традиционалните гранки, во март 2022 година производството на облека забележа раст од 6,3% со придонес од 0,4 п.п., додека производството на тутунски производи се зголеми за 11,8% со придонес од 0,3 п.п.. Од друга страна, производството на пијалаци опадна за 25,0% со придонес од -1,0 п.п., производството на текстил се намали за 13,3% со придонес од -0,7 п.п., а прехранбената индустрија забележа пад од 5,8% со придонес од -0,6 п.п..




Графикон 1.3а: Гранки со позитивен придонес во растот (стапки на раст во %, март 2022 година)

Извор: ДЗС.




Графикон 1.3б: Гранки со негативен придонес во растот (стапки на раст во %, март 2022 година)

Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Според намената на произведените единици, растот на производството во март 2022 година е последица на зголеменото производство во сите гранки, а растот е најизразит кај трајните производи за широка потрошувачка од 33,2% (придонес од 1,4 п.п.).

На кумулативна основа, во првите три месеци од 2022 година индустријата забележа раст од 3,5%, што се должи на зголеменото производство во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 21,9% (придонес од 2,2 п.п.), Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 11,0% (придонес од 0,9 п.п.) и Преработувачка индустрија од 0,8% (придонес од 0,7 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има вадењето руди на метал од 1,7 п.п. при раст од 35,8%.

Според намената на произведените единици, растот во периодот јануари – март 2022 година главно е последица на растот во сите гранки, освен во гранката нетрајни производи за широка потрошувачка, а зголемувањето на производството е најизразито кај гранката интермедијарни производи, освен енергија од 6,5% (придонес од 2,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во март 2022 година е намален за 1,5%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 3,7%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,7% и Преработувачка индустрија од 1,4%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се производство на хемикалии и хемиски производи со раст од 10,2% и производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 8,4%.

Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека падот е резултат на намалениот број работници во групите нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,8% и енергија од 5,5%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – март 2022 година бележи пад од 2,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 3,4%, Преработувачка индустрија од 2,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите три месеци од 2022 година е намален во групите енергија и нетрајни производи, а најизразит е падот во групата нетрајни производи за широка потрошувачка.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2022 година е понеповолна споредено со февруари 2022 година, како и во однос на истиот месец од 2021 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 65,5% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 67,4%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 5,6 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 19,4%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,2%, неизвесното економско окружување со 15,3% и недоволната домашна побарувачка со 13,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март 2022 година во однос на февруари 2022 година е непроменета, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2022 година издадени се вкупно 373 одобренија за градење, што претставува раст од 10,4% споредено со март 2021 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 49,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година е пониска за 12,1%, а на месечна основа бележи раст од 65,9%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 182 (или 48,8%) се наменети за објекти од високоградба, 69 (или 18,5%) за објекти од нискоградба и 122 (или 32,7%) за реконструкција на објекти.

Графикон 1.6: Одобренија за градење и вредност на работите (број во единици; вредност во милиони денари)




Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони (март 2022)



Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 373 издадени одобренија за градба, на 195 објекти (или 52,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 178 објекти (или 47,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Графикон 1.8: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)




Со издадените одобренија за градење во март 2022 година предвидена е изградба на 501 стан со вкупна корисна површина од 45.333 m$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 13,9%, а на годишно ниво за 2,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во март регистрираа забрзан годишен раст од 8,8% (7,6% во февруари 2022 година), што главно се должи на растот на цените на енергенсите и на храната, која регистрира зголемување како резултат на високиот раст на увозните цени. Цените на енергенсите во последните месеци се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и на укинувањето на дневната евтина тарифа, согласно одлуката на РКЕ, а со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05%.

Графикон 1.9: Инфлација според COICOP (*стапки на раст во %*)




Базичната стапка на инфлација[1] (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во март регистрира зголемување и изнесува 5,2% на годишна основа (4,3% претходниот месец), главно како резултат на зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели.

Кумулативно, во првите три месеци од годината потрошувачките цени регистрира раст од 7,7%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 11,4% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа цените на зеленчукот (17,7%), лебот и житните производи (16,5%), овошјето (13,2%) и месото (6,7%). Цената на маслото во март регистрира зголемување од 21,6%.

Највисок годишен раст на цените во март 2022 година е забележан во категоријата Транспорт од 19,8%, што главно се должи на растот на цените на горивата, а во

[1] Пресметки на НБРСМ

помала мера и на растот на цените на воздушниот и патниот сообраќај следен од порастот на цените во категориите: Ресторани и хотели од 9,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 7,7%, Алкохолни пијалаци и тутун од 7,6%, Мебел, покуќнина и одржување од 4,4%, Здравствена заштита од 3,7%, Рекреација и култура од 3,1%, Облека и обувки од 1,5%, Образование од 0,3% и Комуникации од 0,1%.

Потрошувачките цени во март 2022 година се зголемија за 1,6% во однос на претходниот месец (во февруари беше регистриран раст од 1,0%). Цените на месечно ниво се зголемени во сите категориите и тоа: Транспорт од 3,3%, Ресторани и хотели од 2,3%, Храна и безалкохолни пијалаци од 2,2%, Мебел, покуќнина и одржување од 1,7%, Алкохолни пијалаци и тутун од 1,2%, Рекреација и култура од 0,9%, Здравствена заштита и Комуникации од по 0,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Разновидни стоки и услуги од по 0,5% и Облека и обувки и Образование од по 0,1%.

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во март 2022 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 9,6%, а на месечна основа за 1,5%.

Во еврозоната, стапката на инфлација во март 2022 година регистрира натамошен забрзан раст од 7,5% (5,9% во февруари). Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 44,7% (32,0% во февруари), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 5,0% (4,2% во февруари), неенергетските индустриски добра од 3,4% (3,1% во февруари) и на услугите од 2,7% (2,5% во февруари). Согласно остварените стапки на раст, како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и, согласно проекциите од март, стапката на инфлација во 2022 година би достигнала 5,1%, 2,1% во 2023 и 1,9% во 2024 година.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2022 година споредено со претходниот месец се зголеми за 20,7% и изнесува 115,6 долари за барел. Цената на суровата нафта е највисока во последните 10 години, како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји против Русија и можните

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

контрасанкции од страна на Русија, како и поради ограничувањата на снабдувањето од водечките производители од Организацијата на земјите извознички на нафта (ОПЕК) и нивните сојузници предводени од Русија. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 77,3%.

Во март 2022 година цената на природниот гас регистрираше раст од 37,2%. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување од пандемијата, меѓутоа во ноември 2021 година индексот регистрираше пад, за да на крајот од годината повторно регистрира раст. На почетокот на 2022 година цената на природниот гас регистрираше пад, а причината за падот е привременото и привидно намалување на тензиите меѓу Русија и Украина, меѓутоа по нападот на Русија цената на гасот регистрираше забрзан раст. Сепак, и покрај ситуацијата, испораката на руски природен гас во Европа е непрекината, но санкциите предизвикуваат загриженост поради прекини во снабдувањето, а со тоа и рекорден раст на цената на гасот. На годишно ниво, цената на природниот гас во март регистрираше зголемување од 313,1%.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електиричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во март 2022 година изнесува 285,6 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 47%, додека во споредба со март претходната година истата е зголемена за 418,9%.

Во март цените на повеќето основни метали бележат месечен раст и тоа: никелот за 41,3%, алуминиумот за 7,8%, цинкот за 9,5%, оловото за 2,1% и бакарот за 2,9%, додека цената на калајот се намали за 0,1%. Растот на цената на никелот (41,3%) во текот на март исто така е одраз на зголемената загриженост од прекини во снабдувањето поради руската инвазија на Украина што може да резултира со санкции за извозот на никел

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

од главниот примарен производител Русија. Во 2021 година, проценето е дека Русија произведува 15,2%[2] од глобалното производство на на никел од класа 1. Цената на железната руда регистрираше раст од 6,5%.

Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење, а од почетокот на 2022 година истата регистрира нагорни стапки на раст. Во март 2022 година цената на златото за зголеми за 4,9% на месечна основа. Трендот на месечен раст на цената го следеше и среброто и регистрираше раст од 7,5%, додека цената на платината се намали за 0,6%.

Цената на пченката на светските берзи во март 2022 година се зголеми за 14,7% на месечна основа.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите три месеци од 2022 година изнесува 4.773,1 милион евра и бележи раст од 23,9% во однос на истиот период од минатата година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - март 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[4]) како најголем трговски партнер, е намалено за 0,5 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 60,0%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите три месеци од 2022 година изнесува 23,2% и е намалено за 4,9 п.п. во однос на истиот период од 2021 година.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2022 година, изнесува 1.939,3 милиони евра и бележи раст од 16,7% (278,1 милион евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 6,4%.

[2] Согласно извештајот на S&P Global

Вредноста на извезените стоки во март 2022 година изнесува 722,9 милиони евра и бележи раст од 22,8% (134,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 9,7% споредено со март 2021 година.




Анализирано на месечно ниво, во март 2022 година извозот бележи раст од 7,8% (52,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 3,9%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (3,9 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[3]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2022 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 54,9% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - март 2022 година споредено со истиот период од 2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 14,1% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 33,2%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,3% и 10,9%, соодветно.

[3] Стандардна меѓународна трговска класификација

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - март 2022 година изнесува 2.833,8 милиони евра и бележи раст од 29,3% (643,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 9,3%.




Вредноста на увозот во март 2022 година изнесува 1.044,3 милиони евра, што претставува раст од 27,3% (223,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година, а увезените количини стоки се зголемени за 7,5% споредено со март 2021 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2022 година увозот бележи раст од 6,5% (63,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 2,2%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,3 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | | Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-III-2021 | I-III-2022 | Салдо | Стапки во% | | I-III-2021 | I-III-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 15,1 | 14,4 | -0,7 | -4,4 | 000 Т | 8,6 | 7,4 | -1,2 | -14,1 |
| Мил.ЕУР | 387,3 | 570,1 | 182,8 | 47,2 | Мил.ЕУР | 60,0 | 48,3 | -11,7 | -19,5 |
| Мил$ | 467,5 | 640,3 | 172,8 | 37,0 | Мил$ | 72,2 | 54,1 | -18,1 | -25,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | | Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-III-2021 | I-III-2022 | Салдо | Стапки во% | | I-III-2021 | I-III-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 179,6 | 212,4 | 32,8 | 18,3 | 000 Т | 174,1 | 230,0 | 55,8 | 32,1 |
| Мил.ЕУР | 159,0 | 257,9 | 98,9 | 62,2 | Мил.ЕУР | 99,5 | 186,7 | 87,2 | 87,7 |
| Мил$ | 191,8 | 288,8 | 97,0 | 50,6 | Мил$ | 119,7 | 209,5 | 89,8 | 75,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | | Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-III-2021 | I-III-2022 | Салдо | Стапки во% | | I-III-2021 | I-III-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 21,6 | 19,7 | -1,9 | -8,6 | 000 Т | 17,7 | 19,0 | 1,4 | 7,9 |
| Мил.ЕУР | 253,3 | 277,1 | 23,8 | 9,4 | Мил.ЕУР | 199,5 | 230,9 | 31,3 | 15,7 |
| Мил$ | 305,2 | 310,9 | 5,7 | 1,9 | Мил$ | 240,3 | 258,9 | 18,7 | 7,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - март 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 68,9% односно за 364,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 38,6% односно за 89,5 милиони евра споредено со март 2021 година.



Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, и храна и пијалаци, како и од намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - март 2022 година, 88,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Шпанија, Унгарија, Белгија, Холандија, САД и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,8% од трговската размена во периодот јануари - март 2022 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2021 година претставува намалување за 0,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,0% и 90,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,0 п.п., додека кај увозот е зголемена за 1,3 п.п. во однос на периодот јануари – март 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I–III–2021 | | | | | I–III–2022 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 1.106,9 | 1.943.585.275 | 61,6579 | 119.837.386.544 | 88,7 | 1.358,0 | 2.549.941.644 | 61,6934 | 157.314.569.849 | 90,0 | 606.356.369 | 31,2 |
| УСД | 530,1 | 275.919.130 | 51,1330 | 14.108.572.894 | 10,4 | 433,3 | 296.368.651 | 54,9839 | 16.295.504.285 | 9,3 | 20.449.521 | 7,4 |
| ГБП | 0,5 | 4.264.371 | 70,4653 | 300.490.208 | 0,2 | 0,4 | 4.548.547 | 73,7621 | 335.510.374 | 0,2 | 284.176 | 6,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.637,5 | | | 134.246.449.646 | 99,1 | 1.791,6 | | | 173.945.584.509 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 1.641,9 | | | 135.098.527.914 | 100,0 | 1.795,3 | | | 174.829.887.593 | 100,0 | | 29,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – март 2022 година изнесуваа 57.168 милиони денари, односно 7,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 16,9% во однос на истиот период од 2021 година. Ова е четиринаесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите.

Растот е делумно резултат и на пониските приходи претходната година кога се почувствуваа негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 34.408 милиони денари и се повисоки за 24,0% во однос на периодот јануари – март 2021 година, што се должи на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ), данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Приходите од ДДВ стандардно имаат најголемо учество од 49,8% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 17.135 милиони денари, што претставува зголемување од високи 30,9% во однос на истиот период претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 26.928 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 9.793 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 39,2%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 56,5% споредено со периодот јануари – март 2021 година). Во структурата на ДДВ, најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 51,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 14,0%.

Акцизите се остварени во износ од 5.718 милиони денари (учество од 16,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 11,7% во споредба со периодот јануари – март 2021 година. Со тоа, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 22.853 милиони денари, што претставува 66,4% од вкупните даночни приходи во првите три месеци од 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 5.059 милиони денари и бележат раст од 14,2% на годишна основа. Притоа, 64,4% од приходите се од плата и други лични примања, 8,2% од приходи од капитал, 8,0% од приходи по основ на договор за дело, 7,8% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,6% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 3.869 милиони денари и забележаа повисоко остварување за 25,0% во однос на првите три месеци од претходната година, како резултат на поволните остварувања кај даночните биланси коишто бележат значително зголемување за 40,5%, како и кај месечните аконтации коишто се зголемени за 18,9%.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.461 милион денари и забележаа зголемување од 31,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 166 милиони денари забележаа повисоко остварување за 5,7% во однос на првите три месеци од 2021 година.




Социјалните придонеси се остварени во износ од 17.300 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,1% споредено со периодот јануари – март претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за вработување е повисока за 6,4%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,3%, а кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 6,0%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Неданочните приходи се остварени во износ од 3.744 милиони денари и во однос на периодот јануари – март 2021 година забележаа повисоко остварување за 13,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствариja во износ од 281 милион денари, што е зголемување за 44,8% во однос на првите три месеци од минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 830 милиони денари и се пониски за 25,8% во однос на периодот јануари – март 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2022 година изнесуваа 63.824 милиони денари, односно 8,3% од БДП, што е за 14,3% повеќе во споредба со истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 58.907 милиони денари учествуваа со 92,3% и се зголемени за 13,6% во однос на периодот јануари – март 2021 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 7.784 милиони денари, што претставува зголемување за 2,6% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.068 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа раст од 19,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 44.568 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 14,1% споредено со периодот јануари – март 2021 година и учествуваа со 69,8% во вкупните расходи.

Графикон 32: Расходи по категории
(износи во милиони денари)



Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 6,6% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 30.936 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 48,5%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 18.684 милиони денари, што е зголемување за 5,3% споредено со периодот јануари – март 2021 година и учествуваат со 29,3% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран висок раст од 45,9%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 7.637 милиони денари и се зголемени за повеќе од двојно на годишна основа. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.802 милиона денари забележаа миимален раст од 0,6% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 4.917 милиони денари со структурно учество од 7,7% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 23,5% во споредба со првите три месеци од 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – март 2022 година реализираше 13.683 милиони денари или 27,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.569 милиони денари или 28,2% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,5% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 26,7% (2.939 милиони денари) од планираните за 2022 година.

Владата на Република Македонија во првите три месеца од 2022 година реализираше вкупно 5.456 милиони денари, односно 56,0% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 74,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.064 милиони денари (56,7% од предвидените средства).

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 6.512 милиони денари, што е 22,5% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (62,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.085 милиони денари или 24,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,6%, за што се потрошени 1.145 милиони денари, односно 24,4% од вкупно предвидените.

Графикон 3.3: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари – март 2022 година)




Извор: МФ.

Преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[5], во периодот јануари – март 2022 година реализирани се 5.316 милиони денари, што претставува 18,1% од предвидените за тековната година. Каматни плаќања (2.476 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 46,6%, а притоа се реализирани 24,3% од планираните. Значајна ставка е и капитални расходи за којашто се издвоени 1.334 милиони денари (35,3% од планираното), односно 25,1% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

[5] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Министерството за внатрешни работи во првите три месеца од 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 3.216 милиони денари, што е 27,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 62,6%, за што во овој период се реализирани 2.013 милиони денари (24,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 23,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 751 милион денари, односно 33,4% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за одбрана вкупно се реализирани 2.411 милиони денари, што претставува 17,6% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 43,0%, за што се потрошени 1.037 милиони денари или 23,7% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 27,5%, за што се реализирани 662 милиона денари или 22,0% од годишниот план.

Во периодот јануари – март 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 1.266 милиони денари, што претставува 20,6% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (92,1%) отпаѓа на субвенции и трансфери, за што се потрошени 1.166 милиони денари или 24,8% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во првите три месеца од 2022 година изврши буџетски средства во износ од 724 милиони денари, што е 9,6% од вкупниот буџет за 2022 година. Расходите за стоки и услоги имаат најголемо учество со 45,6%, за што се потрошени 330 милиони денари или 10,5% од предвидените средства. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови е втора најзначајна ставка со учество во вкупните расходи за овој буџетски корисник од 34,4%, за што во овој период се потрошени 249 милиони денари или 8,3% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во анализираниот период реализираше средства во износ од 397 милиони денари, што е само 3,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 54,4% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник, за што се исплатени 216 милиони денари или 2,1% од предвидените средства за тековната година.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 6.656 милиони денари, што претставува 0,9% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 6.191 милион денари и претставува 0,8% од БДП. Буџетскиот дефицит во првите три месеци од 2022 година изнесува 19,9% од вкупно планираниот буџетски дефицит за 2022 година.

.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во март 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 49.272 новозасновани работни односи. Споредено со истиот месец од 2021 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 5,6%. Растот, меѓу другото, е резултат и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени, 40,6% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во март 2022 година, 16,7% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во март 2022 година изнесува 175.983, од кои 125.907 се активни баратели на работа, а 50.076 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 13,6%. Во однос на февруари 2022 година, бројот на невработени е намален за 1.449 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој започна истиот месец од 2021 година, откако во цела 2020 па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,9%) се градско население, а според половата структура 49,2% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,4%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 8,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,4% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 69,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,3% чекаат 8 и повеќе години.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2022 година оствари годишен раст од 6,8%, а во однос на јануари 2022 година истата е пониска за 0,5%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на февруари 2021 година се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (13,2%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (13,1%) и Стручни, научни и технички дејности (11,6%). Реалните плати во февруари 2022 година забележаа годишен пад од 0,8%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 6,8%, а на месечна основа истата е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во февруари 2022 година во однос на февруари 2021 година се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (13,1%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (13,0%) и Стручни, научни и технички дејности (11,4%). Реалната бруто-плата во февруари забележа годишен пад од 0,8%.

## Пензии

Во март 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 325.054 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 68,1% се корисници на старосна пензија, 22,9% се корисници на семејна пензија и 9,0% се корисници на инвалидска пензија.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во март 2022 година изнесува 16.361 денар и истата е за 4,6% повисока во однос на истиот месец од 2021 година[6]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,5%.

Просечната старосна пензија во март 2022 година изнесува 17.680 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.740 денари, а просечната семејна пензија 13.078 денари. За исплата на пензиите во март 2022 година се потрошени 5.223 милиони денари, што претставува 49,3% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во март 2022 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 1,25%, откако во првиот квартал претходната година ја намали за 0,25 п.п. од 1,5% на 1,25%, како резултат на олабавувањето на монетарната политика. Народната банка ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати во 2020 година со цел поддршка на економската активност и заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (март 2022 година)




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во март 2022 година, примарните пари[7] се намалија за 9,0% на годишно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 15,1% и намалувањето на готовите пари во оптек за 1,6%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 3,5%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 5,6% и 1,3%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[8]

Вкупните депозити на банките во март 2022 година се намалија за 1,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се намалија за 2,5% и 1,8%, соодветно.

---

[6] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[7] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[8] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на валутата, во март 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 4,2%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 1,4%,

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2022 година оствари раст од 3,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се намалија за 5,4% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 16,7%, споредено со истиот месец претходната година.




Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 6,4% и 3,9%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 11,8%, а долгорочните депозити се намалија за 8,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 54,7 %.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2022 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***454.763*** | ***-1,7%*** | ***3,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *248.630* | *-4,2%* | *-5,4%* |
| *Странска валута* | *206.133* | *1,4%* | *16,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *203.860* | *0,8%* | *11,8%* |
| *Долгорочни* | *94.520* | *-2.4%* | *-8.3%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***397.016*** | ***1,7%*** | ***9,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *234.712* | *1,5%* | *11,1%* |
| *Странска валута* | *162.304* | *2,1%* | *8,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *66.858* | *3,7%* | *15,8%,* |
| *Долгорочни* | *314.724* | *1,6%* | *9,6%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.136* | *-2,9%* | *-1,1%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во март 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и кон домаќинствата се зголемија за 2,4% и 1,1%, соодветно. Од аспект на валутата, во март 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,5%, а девизните кредити за 2,1%.

На годишна основа, во март 2022 година вкупните кредити се зголемија за 9,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,9% и раст на кредитите кон претпријатијата од 11,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,1%, а кредитите во странска валута за 8,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,6%, а краткорочните кредити од 15,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во март 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,30%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,58%, а исто така и каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 3,96%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во март 2022 година изнесува 0,70% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е непроменета на месечно ниво и изнесува 1,03%, додека каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,44%

## Пазар на капитал

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На пазарот на капитал, во март 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 33,9% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 38,5% и 24,2%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во март 2022 година изнесуваше 705,2 милиона денари и истиот е намален за 6,9% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на март 2022 година изнесуваше 6.097,34 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,8%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 25,8%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2022 година изнесуваа 3.272,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 3,2%, а во однос на март 2021 година регистрираа пад од 16,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0